Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 04-739/19
06.10 2023 год.

Врз основа на член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 37-н од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 13 од Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, в.д. Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на помошно техничко лице во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип**

**Член 1**

1. По Интерниот оглас број 01/2023 објавен на 27.09.2023 година, на веб страната и на огласна табла на јавното претпријатие, за унапредување на помошно техничко лице во ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, се избира:

- **Игорчо Стојанов од Пробиштип**, за работното место Возач на директорот, со шифра КДР 04 03 А01 001.

2. Изборот е извршен врз основа на записникот бр.04-739/18 од 06.10.2023 година, во кој е содржан и предлогот за избор по Интерниот оглас бр.01/2023.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 од оваа Одлука во рок од 5 дена по конечноста на Одлуката.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 27.09.2023 година на веб страницата и на огласната табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип објавен е Интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на помошно техничко лице во Јавното претпријатие.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на помошно техничко лице по интерен оглас бр.01/2023, формирана од Директорот со решение бр.02-739/2 од 27.09.2023 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-739/16 од 05.10.2023 година и спроведе интервју со уредните кандидати, за кое состави записник бр.04-739/18 од 06.10.2023 година.

Врз основа на спроведената селекција и интервју, Комисијата состави записник со предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2023.

Врз основа на предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2023, в.д. Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
06.10.2023

ЈП ХС Злетовица
в.д. Директор
Љупчо Благоевски